Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на ден од дневни настани 02.08.2023

На 02.08.2023 полициски службеници од Одделението за криминалистички работи Ѓорче Петров лишен е од слобода Р.М.(43) од скопско. При претрес извршен со судска наредба во неговиот дом во општина Сарај, биле пронајдени автоматска пушка и 5 куршуми. Лицето е приведено во Полициска станица и по документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.08.2023 во 10.00 часот во Струмица полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода турскиот државјанин Y.C.(37). Тој се сомнича дека на 31.07.2023 година на улица „Мајка Тереза" во Струмица одзел пари од лице од Струмица. По целосно документирање на случајот, против лицето ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 01.08.2023 во 21.30 часот во Струмица полициски службеници од СВР Струмица ги лишиле од слобода С.П. (41) од Струмица и Р.З. (30) од село Куклиш, струмичко, бидејќи кај нив била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (02.08.2023) во 05.00 часот во с.Трновац, на место викано Златановци, кратовско, полициски службеници го лишиле од слобода Х.Д.(19) од велешко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „крријумчарење мигранти". Имено, на 01.08.2023 во 20.30 часот на автопат Куманово-Табановце полициски службеници забележале патничко возило „мерседес ML 320" со велешки регистарски ознаки, кое не застанало и кај место викано „Поповски рид" пред с.Страшин излетало од коловозот, а возачот и мигрантите се дале во бегство. По пресемени мерки биле пронајдени 9 лица мигранти од Сирија, кои биле пренесени во Транзитниот центар „Табановце", а по пресемени дополнителни активности бил пронајден и Х.Д., кој со возилото го превезувал мигрантите. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.08.2023 во 23.30 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Полициската станица Центар го лишиле од слобода И.О.(25) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 01.08.2023 во 17.15 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.М.(35) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 01.08.2023 во 13.30 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Д.(29) од приепјско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 01.08.2023 во 21.00 часот на автопатот Демир Капија-Неготино од полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Михајлово бил лишен од слобода Л.В.(21) од Р.Грција, кој управувал товарно возило „волво" со полуприколка, со грчки национални ознаки. Имено, при вршење на контрола на документите кои возачот ги дал на увид, тој ставил банкнота од пет евра како поткуп. Л.В. бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Неготино, а по насоки на Јавен обвинител против него ќе биде поднесена кривична пријава по брза постапка пред надлежен суд во Неготино.

На 01.08.2023 во 19.00 часот во близина на Граничниот премин Богородица од полициски службеници од Полициската станица за граничен премин Богородица била откриена група од 16 мигранти од Сирија и од извршената проверка било констатирано дека двајца од нив, А.А.(18) и М.Х.(18), двајцата од Сирија, им помогнале на другите лица мигранти илегално да ја преминат државната граница со Р.Грција, а потоа требало да им организираат превоз до границата со Р.Србија. Тие биле задржани во Полициската станица Гевгелија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „крријумчарење мигранти", а останатите мигранти биле пренесени во Прифатно-транзитниот центар „Винојр" - Гевгелија. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 01.08.2023 во 23.45 часот на Граничниот премин Табановце, на излез од државата, при извршени гранични проверки на Б.Г.М.(29) од Р.Белгија, било констатирано дека белгиската возачка дозвола, која ја дал на увид, била фалсификувана. Тој бил лишен од слобода и предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (01.08.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 178 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 67 санкции, шест мерки за возење без возачка дозвола, три санкции за некористење сигурносен појас, шест мерки за користење мобилен телефон при возење...

На 01.08.2023 во 22.17 часот било пријавено дека во Скопје на крстосницата од бул. „Св.Климент Охридски", ул.„Димитрие Чуповски" и бул.„Митрополит Теодосиј Гологанов" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „мерседес ц200" со кумановски регистарски ознаки, управувано од К.А.(52) од с.Никуштак, кумановско и патничко возило „мерседес" управувано од Г.П.(47) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатник од возилото со кумановски регистарски ознаки, Ц.А.(52) од с.Никуштак, а со телесни повреди се здобиле двајцата возачи и уште тројца сопатници, исто така, од возилото со кумановски регистарски ознаки, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" и во приватна медицинска установа. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 01.08.2023 во 09.30 часот во Полициската станица Центар, Б.З.(28) од Скопје пријавила дека на бул.„Климент Охридски" била касната од куче скитник.

На 01.08.2023 во 17.30 часот во Полициската станица Аеродром, Љ.М.(60) од Скопје пријавил дека на ул.„Митре Влаот" бил каснат од куче скитник.

На 01.08.2023 во 23.00 часот во Кавадарци полициски службеници од Полициската станица Кавадарци, по претходно добиена судска наредба, извршиле претрес во домот на М.М.(39) при што биле пронајдени и одземени марихуана и бела грутеста материја. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 01.08.2023 во 14.30 часот во Гостивар полициски службеници од ОВР Гостивар лишиле од слобода малолетник од с.Врапчиште, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја и пари. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 01.08.2023 во 21.00 часот на подрачјето на Кисела Вода полициски службеници го лишиле од слобода С.М.(55) од Скопје, постапувајќи по пријава според која тој, прикажувајќи и лажни факти на неговата 77-годишна соседка, која имала здравствени проблеми и за која требало да се грижи, ја довел во заблуда и ја измамил да потпише лист со текст за наводна купопродажба на имотот, кој во суштина претставувал договор за соламонизација на целиот имот и банкарските сметки, со цел да ги префрли на свое име и да се стекне со противправна имотна корист, додека ја држел затворена во нејзиниот дом. По целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Валандово поднесе кривична пријава против З.А.(27) и Б.О.(21), двајцата од село Дедели, валандско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори", додека првопријавениот сторил и кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 17.07.2023 на паркинг простор на магистралниот пат Валандово-Струмица, полициски службеници извршиле преглед кај првопријавениот и во возилото кое го управувал, при што пронашле и одзеле повеќе пакувања со околу два килограми марихуана, произведена во неговиот дом и со второпријавениот договорите нејзина продажба. На 18.07.2023, со судска наредба, бил извршен и претрес во неговиот дом, при што биле пронајдени и одземени воздушна пушка без документи, повеќе патрони од ловечка муниција калибар 12мм и неколку патрони боева муниција со калибар 8,57мм и 7,65мм.

На 01.08.2023 во 16.40 часот во СВР Скопје, Н.О.(38) од Скопје пријавил дека околу 11.30 часот на подрачјето на Гази Баба бил физички нападнат од С.С.. Се пресемаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.08.2023 во 13.00 часот во СВР Куманово било пријавено дека кај с.Псача, при извадување на градежни работи, била пронајдена авионска граната со тежина од 100 кг, која потекнува од Втората светска војна. Извршен бил увид, а од страна на Дирекцијата за заштита и спасување граната била безбедно подигната за понатамошна постапка.

На 01.08.2023 во 16.25 часот во Велес од страна на полициски службеници од СВР Велес бил лишен од слобода Р.А.(49) од Велес, поради тоа што околу 16.05 часот во казино најпрвин добарал пари од вработените, а откако бил одбиен почнал да се заканува и со тврд предмет оштетил апарати. Според пријавеното, тој потоа физички нападнал една од вработените и и одзел мобилен телефон. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Регионалниот центар за гранични работи Југ поднесе кривична пријава против И.Д.(19) и Н.А.(21), двајцата од Република Грција, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено преминување на државна граница". На 19.07.2023 на граничен премин „Богородица", пријавените со патничко возило префрлиле државјанин на Република Грција, прикривајќи го во багажниот простор од возилото, со цел да ја избегне граничната контрола.

На 01.08.2023 во 09.30 часот Ч.М.(53) од с.Градец, пријавил дека околу 07.30 часот во Гостивар, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од К.Н.. Се пресемаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.08.2023 во 18.00 часот во СВР Скопје С.Ц.(43) од с.Горно Коњаре, скопско, пријавила дека на 31.07.2023 околу 23.30 часот во селото, во автобус на ЈСП, нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од едно лице од с.Средно Коњари. Се пресемаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.08.2023 во 18.00 часот во СВР Куманово И.Ј.(48) од Куманово пријавил дека во близина на с.Черкези бил физички нападнат од Ш.С., Ф.С., Б.С., Е.С., С.С. и Ф.С., сите од истото село. Се пресемаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.08.2023 во 17.30 часот во СВР Битола В.А.(66) пријавила дека околу 13.30 часот во Битола нејзиниот малолетен внук бил физички нападнат од неговиот тато В.А. и неговиот малолетен брат. Се пресемаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Т.Ј.(74) од село Брвеница, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца". На 02.02.2023 на регионалниот пат Тетово – с.Брвеница, полициски службеници извршиле контрола на патничко возило кое го управувал пријавениот, при што констатирале дека врши јавен превоз на патници без да поседува лиценца издадена од надлежен орган.

На 01.08.2023 во 09.15 часот во СВР Битола И.Ф.(33) пријавила дека на 31.07.2023 околу 20.30 часот во Битола, нејзината малолетна ќерка била физички нападната од неколку други малолетници. Се пресемаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.08.2023 во 20.10 часот Б.Е.(59) од с.Горна Бањица, пријавил дека околу 18.00 часот во Гостивар бил физички нападнат од А.М.. Се пресемаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава А.М.(23) од село Селце, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 11.04.2022 во Тетово, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 01.08.2023 во 15.40 часот во СВР Струмица Ј.П.(21) пријавил дека на 31.07.2023 околу 17.20 часот во Струмица бил физички нападнат од едно лице. Се пресемаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.08.2023 во 22.00 часот во СВР Велес Ф.М.(30) пријавила дека во Градско, нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од Б.М.. Се пресемаат мерки за расчистување на случајот.